**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-279/1 Дата: 01.03. 2022 година

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.82/18 и 178/21) и член 70 од Статутот на Економсккиот факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр.444/19 и 526/21), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 25. 2. 2022 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

Член 1

Со оваа одлука се определува дека започнувајќи од летниот семестар во учебната 2021/2022 година, колоквиумите и испитите по предметите на прв, втор и трет циклус на студии, ќе се организираат и ќе се спроведуваат со физичко присуство во зградата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје.

Организирањето и спроведувањето на колоквиумите и испитите со физичко присуство, ќе се врши согласно веќе донесените одлуки за спроведување на колквуми и испити со физичко присуство за време на пандемија, донесени од страна на Наставно – научниот совет, како и согласно препораките дадени од надлежните институции.

Член 2

Со оваа одлука се определува дека започнувајќи од августовско – септемвриската испитна сесија во учебната 2021/2022 година, полагањето на испитите ќе се спроведува во рамки на еден испитен рок кој е во времетраење од 3 недели.

Член 3

Со оваа одлука се определува дека започнувајќи од 1.4.2022 година, одбраните на дипломските трудови, магистерските трудови, како и на докторските трудови, ќе се организираат и ќе се спроведуваат со физичко присуство во зградата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје.

Организирањето и спроведувањето на одбраните со физичко присуство ќе се врши согласно веќе донесените одлуки за извршување на активности за време на пандемија, донесени од страна на Наставно – научниот совет, како и согласно препораките дадени од надлежните институции.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука задолжително се објавува на веб – страната и на огласната табла на Факултетот.

Д Е К А Н

-----------------------------

Проф. д-р Предраг Трпески

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ